РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-959/1
17-09 2021 год.
ПРОБИШТИП

**Општина Пробиштип**
ул. "Јаким Стојковски" бр.1
Тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47

Врз основа на одредбите на Член 46 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 32/20), Градоначалникот на Општина Пробиштип објавува:

# Ј А В Е Н  П О В И К

## за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Пробиштип од областа на урбанизмот

**Се повикуваат сите заинтересирани лица**, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на Општина Пробиштип што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на урбаното и руралното подрачје на Општината,

**да се пријават за членови на Партиципативното тело на Општина Пробиштип од областа на урбанизмот**.

**Јавниот повик е распишан за периодот од 17.09.2021 до 17.10.2021**.

**Пријавите да се достават до архивата на Општина Пробиштип во определениот рок или по пошта** на адреса: ул. Јаким Стојковски бр.1 Пробиштип. Истите треба да содржат контакт информации (име и презиме, адреса и контакт телефон), како и кратко образложение за начинот на кој заинтересираното лице смета дека ќе придонесе во работата на Партиципативното тело. (образец во прилог)

Лицата чии што пријави ќе бидат прифатени, ќе бидат назначени за членови на Партиципативното тело и за истото ќе бидат известени во писмена форма.

Цел на Партиципативното тело е обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање. Партиципативното тело ќе ги претставува сите различни интереси и интересни групи во Општина Пробиштип и ќе ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ќе ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ќе ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија. Партиципативното тело ќе заседава најмалку еднаш на 2 (два) месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

Работата на партиципативното тело е јавна.

Учеството во Партиципативното тело е на доброволна основа.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Драган Анастасов**

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП